ЗДРУЖЕНИЕ НА
КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕ
НА МАКЕДОНИЈА
ул. Босфор бр. 7 - Илинден, Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.: +389 2 3148 256, Е-пошта: zklm.org@gmail.com

Здружение на КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕ на Македонија
Бр. 01/01
22.01.2024
ИЛИНДЕН

IFATCA MEMBER

# Записник од Генерално Собрание на Здружението на Контролори на Летање на Македонија одржано на 15.01.2024

Состанокот на Генералното собрание на ЗКЛМ започна во 13:48 часот во салата за состаноци во просториите на М-НАВ А.Д. Скопје на ул.Босфор бр.7 Мралино, 1041 Илинден.

На состанокот се присутни вкупно 39 членови од кои 29 членови со физичко присуство и 10 членови се вклучуваат online преку аудио-видео врска на Google Meeting. Кворумот за еднотретинско присуство е задоволен и сите присутни се соодветно евидентирани во листите за присутност.

1. Состанокот започнува со отчет од страна на претседателот, Наташа Мијат Крстевска за сработените активности во 2023 година:
   - Објавување на текстови на веб страната (zklm.org) и социјални мрежи (LinkedIn, Instagram)
   - <u>Март:</u> Иницијатива за укинување на combined работење на TWR/APP: по сугестија и иницијатива при комуникација со safety одделението се изработува анкета од страна на работна група предводена од Горан Бошески и се донесува заклучок дека се до завршување на обуката и стекнување со TWR дозволи на студентите контролори не е логистички изводливо да се укине комбинираното работење поради недостаток на персонал во одделението APP/TWR
   - <u>Април</u>: Одржување на работилница за Human Factors со гостин/предавач Жељко Орешки
   - <u>Мај</u>: Реакција од страна на ЗКЛМ за проблемите настанати околу непрофесионалното работење на АМЕ на задолжителните лекарски прегледи класа 3: испратено протестно писмо до АЦВ и остварена средба со претставници од АЦВ – претставници на ЗКЛМ Наташа Мијат Крстевска и Никола Сотировски се среќаваат со директорот на АЦВ Томислав Тунтев каде се дискутира оваа проблематика и постојат уверувања дека во процес е сертифицирање и обуки на нови лекарски центри во државата и дека се чека официјален допис од М-НАВ околу тематиката, откако раководителот на СВН задоцнето го испраќа дописот нема никаков ефект ниту прогрес за решавање на постоечкиот проблем; од страна на членството се открива дека постојат веќе 2 нови лиценцирани центри: Ремедика и Неуромедика за класа 4; се чека сертифицирање и подобрување на ситуацијата бидејќи решение за постоечкиот проблем не е изнајдено

     **Предлог**: Да се воспостави комуникација од страна на претставник на ЗКЛМ за лекарски прегледи во Црна Гора според билатералните договори

     **Предлог**: Да се достави допис до АЦВ дали е решен проблемот околу

- второстепената комисија и лиценцирањето на нивниот АМЕ
  **Предлог:** Да се ургира под итно разрешница околу непрофесионалното работење на лекарите во постоечките сертифицирани медицински центри во државата со оглед на тоа што набрзо следуваат голем број на лекарски прегледи а ништо се нема променето од ланското фијаско
- Пролет/Лето: Реакција од страна на ЗКЛМ за проблемите во рамки на М-НАВ со бифето, недостатокот на проточна вода и застарената непрактична рута на службениот превоз: никаков повратен одговор од страна на УО на дописите од страна на ЗКЛМ, ниту пак е саниран ниеден од проблемите освен проточната вода
- Август/Септември: Почеток на подготовки на кампањата за ЕРМ Скопје 2024
- Октомври: Организација на патувањето за Рига на ЕРМ 2023
- Октомври: Поддршка на синдикатот во подготовките за штрајкот
- 20 Октомври: Организација и реализација прослава за Меѓународен Ден на Контролори на летање
- Октомври/Ноември: Подготовки за кошаркарскиот турнуир CBC Touch ‘ Go Skopje 2023
- Декември: Новогодишни активности

2. Се дискутира втората точка на состанокот, имено финансиската состојба на сметката на Здружението. Сметката (денарска/девизна) на ЗКЛМ во Комерцијална Банка има денешна состојба 285 000 денари. Во текот на месец септември е отворена потсметка во склоп на постоечката сметка на Здружението со цел да се услужи и реализира турнирот CBC Touch & Go Skopje 2023 која засега е предвидено да биде преименувана и користена за ERM Skopje 2024. Од страна на дел од членството е предложено оваа сметка сосема да се затвори, и воедно да се избегнат идни прераспределби на финансиски средства на Здружението за индивидуално-организирани спортски турнири и настани од затворен карактер.

   Како редовни издатоци на ЗКЛМ на месечно ниво се издвоени:
   - Сметководство: 3 400 денари
   - Телеком Скопје: 2 745 денари
   - Телеком Охрид: 737 денари

   Како редовни издатоци на ЗКЛМ на годишно ниво се издвоени:
   - Годишна членарина кон IFATCA: 850 $

   Како дополнителни трошоци за 2023 за ЗКЛМ се издвоени:
   - Помош за семејствата на Украински контролори на летање: 1 080 EUR
   - Кутии подарок за 8-ми март: 23 397 денари
   - Хонорар за Жељко Орешки за услуга водење на работилница + авиобилет + сместување и храна + оброци за учесниците на работилницата: 880 EUR
   - 5 x Registration Fee ERM 2023: 1 500 EUR

- Трошоци за патувањето во Рига: 35 000 денари
- Вкупен трошок за прославата на 20.10.2023 (протсор, кетеринг, пијалоци, торти, музика, декорација, танчери): 190 000 денари
- Новогодишни активности (театарска претстава и кино картички): 29 400 денари

Се дискутираа предлози околу понатамошните активности во 2024 година што подразбираат финансиски трошоци од сметката на ЗКЛМ.

По **остра реакција** од членството и иницијатива од страна на претседателот, се донесе одлука поради заштитување на колективните интереси на контролорите да се елиминира секоја намена на финансиски средства на Здружението за непотребни неповрзани активности како доделување на кино картички за децата на членовите, и новогодишните активности да се сведат на организирање на еднократен настан (како овогодинешната театарска претстава) наменет за деца помали од 10 години.

Беше дискутиран и **усвоен** (со 23 гласови ЗА) предлогот да се зголеми членарината за 40% (од 500 денари на 700 денари месечно) поради следните причини:
- зголемени трошоци поради прекин на соработката со менаџментот на М-НАВ А.Д. Скопје кој престана да нуди финансиска поддршка при организација на настани, прослави, работилници од страна на Здружението
- антиципирани зголемени оперативни трошоци во тек на идната 2024 година поради организација на настанот ERM 2024
- поскапување на постоечките оперативни и тековни трошоци на Здружението како резултат на целокупната инфлација и економска ситуација

Беше дискутирано како предлог доколку при анализа на идниот финансиски извештај за 2024 година се утврди дека Здружението има суфицитарно зголемени финансиски средства како резултат на ова зголемување на членарината, тие средства да бидат наменети во хуманитарни цели (СОС Детско село) од страна на Здружението или за потенцијални идни настани/работилници/team-building во рамките на Здружението.
**Предлог:** Да се плати IPTV во АКЛ Охрид
**Предлог:** Да се испечати и распредели помеѓу членството брендирана роба со логото и ознаките на Здужението.

3. Претседателот на Здружението и дел од останатите претставници поднесоа целосен Извештај од European Regional Meeting 2023 одржан на 16/17/18 октомври во Рига, кој воедно беше објавен на веб-страната zklm.org веднаш по враќањето на претставниците, имено околу одржаните активности:

<u>16.10.2023:</u> Работилница најавена на тема "ATCO Occupational Fatigue" и на прагот

на целосната имплементација на EASA регулативата (EU)2017/373 во сите европски земји. Поканети гости на оваа дискусија беа Nathalie Le Cam (EASA), Dr. Philippe Cabon (Welbees), Fabrice Drogoul (EUROCONTROL) и Benjamin Fichtner (HelvetiCA /Skyguide). Панел дискусија на тема поврзаноста на Staff Shortage и Occupational Fatigue.

17.10.2023: Презентери: Mr. Raul Medina – Director General of EUROCONTROL, по него следеше Mr. Frederik Rasmussen – Deputy Head of Unit European Single Sky at European Commission. Презентација и дискусија на тема FEAST водена од Nathalie Bossiroy од EUROCONTROL, придружена од колешка преку линк од Луксембург од Aviation Training Centar-от на EUROCONTROL. Вториот ден од конференцијата го заврши Mr. Marc Baumgartner (SESAR /EASA Coordinator) со својата презентација за JCHMS (Joint Cognitive Human Machine System).

18.10.2023: Панел дискусија за теми кои ги засегаат повеќето здруженија, а кои се произлезени од извештајот кој секое здружение го поднесе. Презентација на тема “Where from here? The Network Manager’s perspective” на која Mr. Iacopo Prissinotti (NM Director) сподели дека порастот на сообраќајот годинава бил за неверојатни 7%. Потоа следеа извештаите на IFATCA 2030 Task Forces

Од страна на претставниците на Здружението на ERM 2023 беа демантирани гласините дека биле злоупотребени финансиски средства на Здружението за купување на авиобилети од бизнис класа, и дека биле купени обични economy авиобилети со тоа што upgrade-от во бизнис класа за време на летовите е резултат на соработката со вработен во Луфтханза и Аустриан Ерлајнс.

Објавено е дека претседателот на Здружението, Наташа Мијат Крстевска, како резултат на активностите поврзани со кампањата за родова еднаквост во периодот околу Ден на Жената 8-ми Март кои биле презентирани на меѓународни соработници за време на ERM 2023 во Рига, е поканета да учествува како член во проектот “Equity, Diversity, Inclusion” на IFATCA кој е планирано да биде одржан во 2024 година во Сингапур. Засега не е познато дали оваа покана ќе биде прифатена, а доколку е, трошоците за учеството во овој проект ќе бидат покриени индивидуално а не од финансиските средства на Здружението.

Претставниците на Здружението известија дека на крајот на конференцијата на ERM 2023 во Рига било официјално презентирано видеото изработено од членови на ЗКЛМ за најава на ERM 2024 – Skopje, како и презентирана наменската веб-страна www.erm2024.org и споделени општи генералии околу тоа што можат делегатите да очекуваат кога ќе пристигнат во Скопје на конференцијата која е планирано да се одржи 15-17 октомври 2024.

Беа дискутирани прелиминарни предлози околу логистичката и техничката организација на Скопје ERM 2024 (15.10.2024 - 17.10.2024), меѓу кои би се издвоиле:

- Сместување и одржување на конференцијата во Holiday Inn
- 14.10.2024: welcome коктел во фоајето на Holiday Inn
- 15.10.2024: конференција до 17.00 часот, Македонска вечер во Музејот на Ослободителната Борба
- 16.10.2024: конференција до 17.00 часот, вечерна забава во новиот објект во Стенковец
- 17.10.2024: конференција до 17.00 часот, гала вечера во Holiday Inn

По дискусија и предлози околу организацијата од страна на членството, иницијално се прифатени овие предложени активности со тоа што поради логистички причини (пренамена на просториите на авиоклубот во Стенковец, непредвидливи метео услови) да се разгледа дополнително и одлучи околу овие активности во некоја наредна прилика од страна на членовите кои би учествувале во организацијата.

Од страна на потпретседателот на Здружението беше предложено, спротивно од досегашната пракса на конференции од ваков карактер од страна на претходните домаќини, овој настан да е од отворен карактер за целокупното членство на Здружението без разлика на позицијата, надлежноста или инволвираноста во организацијата со цел да се стави акцент на инклузивноста, да се даде еднаква прилика на секој да учествува и да стекне искуства, знаења и конекции.

Од страна на претседателот на Здружението беше предложено доколку постои можност и не претставува конфликт на интереси, при организацијата на ERM 2024 Skopje за сите набавки и услуги од надворешни ентитети и компании да се приоретизираат и користат компании кои се во сопственост на некој од членовите на Здружението, или лица блиски до нив.

4. Дискусија околу предлози за креирање на работни групи во рамките на ЗКЛМ:

4.1. Just Culture and Safety Reports

По барање на дел од членството во тек на 2023 година, предложено е ЗКЛМ да има поголема инволвираност по прашање на процесирањето на occurrence reports поднесени од страна на членови. Констатирано е дека ЗКЛМ како здружение нема привилегии и моќ да делува при процесирањето на индивидуално поднесени пријави до одделението за Safety, освен во случај каде подносителот индивидуално не покаже иницијатива и соработува со претставникот на Здружението во Just Culture Committee.

ЗДРУЖЕНИЕ НА
КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕ
НА МАКЕДОНИЈА
ул. Босфор бр. 7 - Илинден, Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.: +389 2 3148 256, Е-пошта: zklm.org@gmail.com

IFATCA MEMBER

4.2 Ревидирање на месечен распоред

По барање на дел од членството во тек на 2023 година, предложено е да се продолжи пракса која постоела во минатото за ревизија на месечните распореди изработени од страна на раководителите на одделенијата во рамки на М-НАВ А.Д. Скопје со цел да се задржи еднаквоста помеѓу оперативниот персонал како обврска на раководителот во поглед на работа за време на викенди, празници, користење на годишен и рекреативен одмор, и индивидуални барања при изготвување на распоредот согласно ЗРО и колективен договор.

4.3 Аплицирање на проекти

Предложено е, доколку постои иницијатива, прилика и желба за инволвираност од страна на членството, ЗКЛМ како Здружение на граѓани да почне со рагледување и аплицирање за користење финансиски средства од страна на надворешни фондови, грантови и проекти со цел Здружението да добие на тежина и да се обезбедат подобри услови, квалитет на работата и независност на членството.

5. Се одржа избор на органи на Здружението и беше поднесена една единствена Кандидатура за претседател од страна на **Наташа Мијат Крстевска** (втор мандат), кандидатура за Заменик Претседател и претставник на АКЛ Охрид од страна на **Мартин Бибовски**, и пријави за учество во комитетите од страна на членовите: **Слободан Дрогрешки, Никола Сотировски, Марија Савиќ, Мишко Митровски, Даниела Денковска, Тодор Кикерковски, Дамјан Јовановски.** Овие кандидатури беа ставени на гласање и едногласно прифатено од страна на членството.

   Во наредниот двогодишен мандат, претседателот на Здружението Наташа Мијат Крстевска во координација со јавените и изгласаните членови во комитетите се одлучија за следната прераспределба:

   **Заменик претседател:** Мартин Бибовски
   **Претставник на АКЛ Охрид:** Мартин Бибовски (член на Совет)
   **Комитет А (надлежен на организација на здружението – општ сектор):**
   Никола Сотировски (член на Совет), Мишко Митровски, Атанас Алков
   **Комитет Б (надлежен за спроведувањето на технологијата на работа, набавка на технички средства и опрема – финансиско-економски сектор):**
   Дамјан Јовановски (член на Совет), Даниела Денковска, Тодор Настевски
   **Комитет Ц (надлежен за грижа на статутот, школувањето – обуки и дообуки, како и работното време на членовите на Здружението – социјално-научен сектор):** Марија Савиќ (член на Совет), Слободан Дрогрешки, Тодор Кикерковски

6. Дискусија и предлози околу работата на Здружението:

ул. Босфор бр. 7 - Илинден, Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.: +389 2 3148 256, Е-пошта: zklm.org@gmail.com


**Предлог 1:** Да се изработи и потпише меморандум за соработка со Здружението на контролори на летање на Црна Гора за меѓународна и меѓуорганизациона соработка помеѓу две сродни организации.
**(Усвоено и прифатено од членството)**

**Предлог 2:** Да се изработи и потпише Меморандум за соработка со М-НАВ А.Д. Скопје како официјален документ со кој е предвиден начинот на меѓусебна соработка, со цел да се легитимираат барањата на Здружението. Во рамки на ова, предложено е што поскоро да се поднесе и архивира писмено барање за издвојување на финансиски средства од страна на М-НАВ А.Д. Скопје наменети за финансиска помош до Здружението при организацијата на ERM 2024 Skopje и прославата за Денот на Контролорите 2024, со цел да бидат информирани за барањата на Здружението и да ги усогласат со финансискиот план на М-НАВ А.Д. Скопје за 2024 година
**(Усвоено и прифатено од членството)**

**Предог 3:** Дисконтинуирање на членството на членот Фахрудин Хамиди од Здружението поради работење против интересите на Здружението предвидено во Член 17 од Статутот на Здружението, имено:

*"- да се создадат поповолни услови за успешно извршување на задачите кои се поставуваат пред контролорите на летање и нивно постојано подобрување и унапредување;*
*- да работи на создавање и одржување на висок стандард, знаење и професионална ефикасност во работата;*
*- да ги штити интересите на професијата контролор на летање;*
*- да придонесува за подобрување на безбедноста, ефикасноста и редовноста на воздушната пловидба;*
*- да го следи и активно да учествува во унапредувањето и развојот на безбеден и добро организиран систем на контрола на летање;*
*- да ја следи активноста и да учествува во работата на Меѓународната Федерација на Здруженија на контролори на летање – IFATCA;*
*- да соработува со други сродни професионални организации и органи во системот на обезбедување на воздушна пловидба."*
**(Усвоено и прифатено од членството)**

**Предлог 4**: Здружението да преземе активности и иницијатива во врска со неодамнешните настани во просториите на Контролата на летање со цел да се осигура безбедноста на членовите на Здружението за време на исполнување на работните обврски, меѓу кои да се достави писмен допис до одделението БОК каде би се побарало да се ограничи пристапот на надворешни лица во просториите наменето за оперативен контролорски персонал (Кула Скопје/Кула Охрид/просториите на ОБКЛ) и да се ажурираат привилегиите на картичките за

ул. Босфор бр. 7 - Илинден, Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.: +389 2 3148 256, Е-пошта: zklm.org@gmail.com


влез/излез на вработените во други служби во истите простории.
**(Усвоено и прифатено од членството)**

**Предлог 5:** Здружението повторно да достави писмен допис за измена на рутата/распоредот на службениот превоз поради тоа што сегашната е застарена поради промена на сообраќајната ситуација во град Скопје и промена на потребите/составот на персоналот вработен во М-НАВ А.Д. Скопје, во согласност со Законот за Работни Односи и Колективен Договор.
**(Усвоено и прифатено од членството)**

**Предлог 6:** Здружението да преземе активности и да се консултира со правно лице, по потреба и надлежен орган Управен Суд Скопје и писмено да реагира до Управниот Одбор и надлежните служби во рамки на М-НАВ А.Д. Скопје во врска со тоа дека имаат законска обврска и предвиден рок да доставаат писмен одговор до Здружението за секоја архивирана кореспонденција која досега ја има поднесено Здружението без притоа да добие никаков одговор.
**(Усвоено и прифатено од членството)**

Во 15:40 часот завршува Генералното Собрание на Здружението на Контролори на Летање на Македонија.

Записничар:
Дамјан Јовановски

Оверувач:
Никола Сотировски

Претседател
Наташа Мијат Крстевска